Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка на ефикасноста на мерките, политиките и проектите за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во Република Македонија, законската регулатива, планирањето и организирањето на услугите за сместување во државните студентски домови, преземените политики на надлежните институции за реализација на поставените цели, координацијата помеѓу Државните студентски домови (ДСД) и надлежните институции, воспоставената рамка за развој и нивното унапредување, кадровскиот потенцијал, опременоста и финансиски средства за остварување на целите, преземените мерки и активности во функција на подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови и други отворени прашања во областа кои произлегоа во тек на ревизијата.

Утврдените состојби во оваа област ги споредивме со критериумите наведени во повеќе законски и подзаконски акти, подетално образложени во делот од овој извештај - Основни податоци. Ризиците кои се појавија при прелиминарните истражувања претставуваа основа да се фокусираме на неколку ризични подрачја кај носителите на активноста, кои беа предмет на ревизијата на успешност. Подолу се дадени областите кои беа предмет на испитување со цел да дадеме оценка за темата предмет на ревизија:

1. **Законска регулатива** – дали е донесена целосна и применлива законска и подзаконска регулатива од областа, дали донесените законски и подзаконски акти содржат јасни и прецизни одредби со кои се регулира областа предмет на ревизија, дали се донесени и изработени; планови, програми, извештаи, анализи и стратегии за развој и унапредување државните студентски домови во Република Македонија и каква е нивната имплементација во пракса;
2. **Формирање, организација, надлежност, кадровска екипираност, средства за финансирање и комуникација/соработка на институциите надлежни во областа** – каква е организационата поставеност и надлежност на министерството за образование и наука (МОН), државниот просветен инспекторат (ДПИ) и државните студентски домови, кои се надлежностите на Владата на РМ, каква е состојбата со кадровскиот потенцијал, од кои извори се финансираат државните студентски домови, дали обезбедените финансиски средства обезбедуваат непречено функционирање на студентските домови како и подобрување на условите за сместување, на кој начин е утврдена цената за сместување во студентските домови и каква е комуникацијата/соработката помеѓу институциите надлежни ва областа;
3. **Постапка за сместување на студентите во студентските домови, надзор и контрола на државните студентски домови** – која е процедурата и постапката за сместување на студентите во државните студентски домови, со кои расположливи и сместувачки капацитети располагаат студентските домови, на кој начин е воспоставена грижата за студентските домови, дали е воспоставена евиденција на студентите кои се сместени во државните



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

*1.* ____________________

*2.* ____________________ ________________________

студентски домови во Република Македонија и што преземаат надлежните институции за подобрување на тековната состојба

4. **Мерки и активности за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во државните студентски домови** – дали се спроведени проекти за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови, дали државните студентски домови преземаат активности за подобрување на квалитетот на услугите, со какви проблеми се соочуваат државните студентски домови во обезбедување на услуги за сместување на студентите во Република Македонија.

   Во функција на градење одговори зад секое од областите, дадени се следните образложенија:

1. **Законска регулатива**

1.1 МОН има изработено стратешки документи во кои се дефинирани активности, рокови за нивно извршување, одговорни лица за имплементација, индикатори како показатели за степенот на реализацијата, потребни средства и извори на средства во насока на подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови и тоа:

- **Национална програма** за развој на образованието во Република Македонија за 2005 - 2015 година, во која како мерки во делот на развој на студентските домови предвидено е изготвување на програма за инвестирање, која има за цел зголемување на просторните капацитети на студентските домови и спроведување на конкурсот за сместување на студентите во студентските домови;
- **Стратешки план** за 2014 - 2016 година во кој се утврдени активности и тоа: изградба на студентски дом „Стив Наумов“ нас. Автокоманда за сместување на околу 200 студенти (заедно со партерно уредување), спроведување на Законот за студентскиот стандард и донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од законот, спроведување на конкурсот за прием на студенти во државните студентски домови во Република Македонија, подобрување на условите за домување во државните студентски домови, изградба и реконструкција на студентски домови и подобрување на студентскиот стандард преку обезбедување на соодветни услови во студентските домови, во кои примените студенти користат сместување и исхрана;
- **Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2014 година,** (се донесува секоја година од страна на Владата на РМ,) во која се дефинирани приоритетите во делот на студентските домови (финансирањето, сместувањето, месечната цена за сместување и исхрана, стипендиите, изградбата и реконструкцијата на студентските домови) и други работи поврзани со развој на дејноста на студентскиот стандард;
- **Годишна програма за работа за 2014 година**, во која во делот на инвестиции во образовната инфраструктура предвидено е реализација



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

и следење на Потпрограмата за изградба и реконструкција на студентските домови од страна на одделението за ученички и студентски стандард во соработка со одделението за капитално инвестирање. Во делот на студентски стандард предвидено е обезбедување на сместување и исхрана на студентите запишани на факултетите надвор од местото на живеење, како и реализација и следење на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард којашто ја донесува Владата на РМ, следење и реализација на спроведените конкурси, почнувајќи од електронското пријавување, доставување на документацијата, изборот на кандидати, а во делот на активности на државниот просветен инспекторат предвидени се вршење на редовни и вонредни надзори во студентските домови во Република Македонија.

Наведената состојба укажува дека МОН има донесено стратешки документи за целокупниот воспитно образовен систем во РМ, за кој во наредниот период потребно е МОН да продолжи со перманентна имплементација на предвидените активности, со што ќе се придонесе за унапредување на државните студентски домови, креирање на политики, мерки и приоритети за развој и унапредување на државните студентски домови, поефикасна имплементација на националната легислатива како и реализацијата и подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во Република Македонија.

1.2 Со Одлуката за утврдување на **стратешки приоритети,** Владата на РМ за 2013 година ги утврдила приоритети, од кои инвестирањето во образованието е еден од стратешките приоритети.

Во текот на 2013 година министерството за образование и наука до Владата на РМ доставило Информација за степенот на реализација на стратешките приоритети за 2013, во која, меѓу другото е наведено:

- Во однос на капитално инвестирање – студентски стандард, завршена е изградбата и партерното уредување на Студентски дом "Стив Наумов во населба Автокоманда, и започната е изведба на инфраструктурна мрежа во истиот студентски дом;
- Во делот на одделението за ученички и студентски стандард, има континуирана реализација на одредбите од Законот за студентски стандард и спроведување на конкурсот за прием на студенти во државните студентски домови како и подобрување на условите за домување во државните студентски домови во РМ.

Во **Годишната програма за работа на Владата на РМ за 2013 и 2014** година во делот за студентски стандард предвидено е Подобрување на стандардот на студентите преку создавање на подобри услови за сместување и исхрана во студентските домови, како и поголем опфат на студенти во системот на стипендирање.



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

1. ______________________
2. ______________________ ______________________________

Реализацијата на предвидените мерки и активности во програмата ќе придонесат за подобрување на состојбата на студентските домови како и подобрување на услугите за сместување во студентските домови во РМ.

1.3 Во текот на 2007 година МОН изработило извештај за состојбите во ученичките и студентските домови во РМ во кој се содржани состојбите со: капацитетот на сместување, бројот на вработени, вид на објектот, проблеми со кои се соочуваат студентските домови и утврдените забелешки од страна на МОН, но истите не нудат детални информации за состојбата во која се наоѓаат студентските домови во РМ, како и решенија за нивно надминување. Од причини што не се направени други испитувања, потребно е МОН во соработка со ДСД да започнат постапка за изработка на сеопфатна анализа со цел утврдување на реалната состојба во која се наоѓаат студентските домови во РМ, за секој дом поединечно.

Со анализата би се утврдила состојба во која се наоѓаат студентските домови, потребите, барањата, приоритетите на секој дом поодделно. Оваа анализа би можела да се искористи во насока на давање на приоритети на оние студентски домови во РМ кои имаат потреба од реновирање, реконструкција и подобрување на квалитетот на услугите за сместување, решавање на определени проблеми со кои се соочуваат студентските домови, како и основа за планирање на средствата, согласно програмите за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во наредниот период.

1.4 Со извршениот увид во Законот за студентски стандард (ЗСС), организационата поставеност на студентските домови и утврдените права и обврски предвидени со **законската и подзаконската регулатива** ревизијата ги утврди следните состојби:

– согласно член 65 од ЗСС, предвидено е во рок од 6 месеци да се донесат подзаконски акти со кои се регулира студентскиот стандард. МОН со задоцнување од седум месеци ги донел Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентските домови и Правилникот за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови, додека Правилникот за исхрана на студентите и Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведување на едукацијата до денот на ревизијата не се донесени;
– согласно член 41 од Законот за установите органи на установата се: управен одбор, директор, орган за внатрешна контрола (орган на надзор) и други органи утврдени со закон и статутот на установата. Со извршениот увид во правилникот за внатрешна организација на ДСД, статутот и другите акти со кои се уредува работата, ревизијата утврди дека во ниту еден ДСД не е формиран орган за внатрешна контрола како орган за надзор;

- Управниот одбор на ДСД “Пелагонија“ - Скопје на ден 25.06.2013 година донел одлука за измена и дополнување на Статутот на кој начин по истекот од 6 месеци извршил усогласување со ЗСС, и пречистениот текст го доставила на одобрување до МОН. До денот на ревизијата МОН нема дадено одобрение на Статутот;
- согласно статутот на ДСД “Пелагонија“ – Скопје и измените и дополнувања предвидено е формирање на Стручниот колегиум, кој до денот на ревизијата не е формиран;
- со исклучок на Правилникот на организација и систематизација на работните места во ДСД “Кочо Рацин“ - Битола, останатите студентски домови не извршиле усогласување со Законот за јавни службеници заклучно со 31.12.2010 година;
- ДСД “Никола Карев“ и “Кочо Рацин“ до денот на ревизијата го немаат регулирано бројот на членови на УО кој согласно ЗСС треба да изнесува 7 члена. Кочо Рацин функционира со 9 члена, а Никола Карев со 8 члена;
- со ЗСС предвидена е обврска за формирање на Совет на станари, тело кое ќе се формира со цел да разгледува прашања и да дава мислење за подобрување на животот и работата на студентите во студентскиот дом, соработка со директорот и со вработените во студентскиот дом и да врши други работи од интересот за престојот на студентите во домот. Во ЗСС како и во статутите на ДСД не се предвидени одредби со кои ќе се уреди начинот на кој ќе се формира советот на станари и начинот на кој тој ќе учествува во работата на студентските домови.

Наведените состојби влијаат на функционирањето на студентските домови, на навременоста на донесувањето на одлуки, а со тоа и на ефикасноста и ефективноста во остварувањето на мерките и политиките за подобрување на квалитетот на сместување во ДСД во РМ.

**Недвижен имот на Државните студентски домови**

1.5 Согласно член 75 од Законот за установите **имотот** на јавната установа го сочинуваат недвижниот имот и другите средства на установата, освен средствата стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија. Јавните установи самостојно управуваат со имотот и ги користат предметите, финансиските средства и другите материјални права потребни за вршење на дејноста. Со извршениот увид во имотните листови на ДСД “Скопје“ - Скопје, “Пелагонија“ - Скопје, “Кочо Рацин“ - Битола и “Никола Карев“ – Охрид, ревизијата утврди дека земјиштето и објектите со кои функционираат државните студентски домови како и правото на сопственост и/или корисничкото право над земјиштето и зградите, посебни делови од згради и други објекти во најголем дел не се уредени и истите не се евидентирани во евиденцијата на домовите. Состојбата по домови поединечно е прикажана во Прилог 3 од овој извештај.

Поради наведената состојба, поголем број од домовите не располагаат со реални податоци за вредноста на градежните објекти и земјиштето. Евидентирањето на зградите, посебните делови од згради и посебните објекти во кои функционираат ДСД во имотните листови како и запишувањето на правото на сопственост и корисничко право е од големо значење на дефинирањето на просторните капацитети со кои располагаат студентските домови, нивно усогласување со внатрешната евиденција која треба да ја достават до Управата за имотно правни работи, податоците кои ДСД треба да ги достават до МОН како обврската за воспоставувањето на регистарот на студентски домови.

Ваквата состојба создава ризик од необјективно и нереално прикажување на вкупната вредност на имотот/недвижните ствари со кои располага Република Македонија.

**Издавање под закуп**

1.6 Согласно член 48 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, недвижните ствари кои државните органи престанале времено да ги користат, можат да се дадат под **закуп.** По исклучок недвижните ствари кои државните органи не престанале да ги користат можат да се даваат под закуп по престанок на работното време на органите (со или без опрема), при што не смее да се наруши функцијата на државните органи. За давањето на недвижни ствари во закуп за органот - буџетски корисник и единката корисник на средствата од Буџетот на РМ, одлучува МОН.

Со извршениот увид во склучените договори за давање по закуп на деловни објекти со кои ДСД располагаат, ревизијата ја утврди следната состојба:

- **ДСД "Скопје" - Скопје** во текот на 2005 и 2011 година издал на времено користење без надомест седум бараки во организациона единица Стив Наумов на правни субјекти, кои можат да ги користат исключиво за сопствени потреби, со обврска да инвестираат во санирање и уредување на објектите без право на враќање на вложените средства. Со извршениот физички увид во организационата единица Гоце Делчев ревизијата констатира дека одредени просторни капацитети се користат како интернет кафе без постоење на соодветен договор за нивно издавање.
- **ДСД "Пелагонија" – Скопје** во 2010 и 2013 година со здружение спортски клуб и приватна здравствена ординација има склучено два договори за закуп на деловен простор во вкупна површина од 233м2 кои се дел од просторните капацитети на студентскиот дом. Во текот на 2014 година УО донесол одлука за доставување на барање до МОН за добивање на согласност за издавање на деловен простор со вкупна површина од 366м2 по закуп;
- **ДСД "Кочо Рацин" – Битола** има склучено три договори за закуп во кои нема податок за површина која се издава;

- **ДСД "Никола Карев" – Охрид** во текот на 2009/2010 година со Универзитетот за информатички технологии и Бирото за развој на образованието склучил два договори со кои се издаваат простории со површина од 180м2 кои се водат како апартмани и кои се дел од сместувачките капацитети на ДСД;

Издавањето на просторните капацитети без донесена одлука за утврдување на времено престанување на потребата за нивно користење, во текот на нивното работно време, има за ефект искористувањето на дел од капацитетите на домовите да се врши за намени кои не се поврзани со основна дејност на домовите односно не се во функција на остварување на интереси и потреби за престој на студентите и тоа: сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно забавни, спортско рекреативни и други активности, намалување на сместувачките капацитети на студентските домови, поради што не постои можноста истите да се искористат за подобрување на студентскиот стандард. Исто така издавањето на просторните капацитети без склучен договор за уредување на правата и обврските на закупецот и закуподавецот за инвестирање, без добиена согласност од МОН, како и без постоење на реална процена за цената за издавање на простор по метар квадратен, согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, придонесува да не се регулирани правата и обврските на студентските домови како и неможност од потврдување на реалноста на остварените приходи.

1.7 Согласно член 19 од ЗСС предвидено е МОН да води **Регистар на студентски домови** основани на територијата на РМ. Во текот на 2013 година донесен е Правилник за начинот на верификацијата на студентскиот дом, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на студентските домови основани на територија на РМ. Во наредниот период МОН во соработка со ДСД треба да започне постапка за воведување на регистарот. Во текот на ревизијата ДСД "Кочо Рацин" – Битола и "Никола Карев" – Охрид изработија и доставија податоци до МОН за изработка и воведување во регистарот, додека ДСД "Скопје" - Скопје имајќи ја во предвид големината и специфичноста и бројот на објекти во кои се сместени студентите, постапката за утврдување на податоци за доставување до МОН, е во тек. ДСД "Пелагонија"- Скопје сеуште нема започнато постапка за собирање на податоци потребни за формирање на регистарот.

Со воведување на регистарот ќе се формира единствена база на податоци за сите студентските домови во Република Македонија, која ќе ги дава следните податоци: назив на домот, адреса, општина, статус, вид на дејноста, број на студенти, број на административно технички работници, основачот на домот, назив на основачот, седиште, простор за вршење на дејноста, вкупна покриена површина во $м^2$, вкупен број на соби, капацитет за сместување, ресторан, кујна, и други простории и опрема.

1.8 Согласно ЗУСС и ЗСС предвидено е Државните студентски домови да изработуваат **Годишна програма за работа, Годишен извештај за работа** и истите да ги доставуваат до МОН.

ДСД "Скопје" - Скопје нема изработено Годишна програма за работа за 2012 и 2013 година и Годишен извештај за работа за 2012 година. ДСД "Пелагонија" - Скопје нема изработено Годишен извештај за работа за 2012 година. Во наредниот период државните студентски домови изработиле годишни програми и извештаи за работа.

Со изготвувањето и донесувањето на Годишната програма за работа на ДСД се придонесува за креирање на политики, мерки и приоритети за развој и унапредување на државните студентски домови, додека со изработката на годишен извештај за работа, кој се доставува до МОН, се овозможува детално и целосно информирање за реализацијата на активностите на студентските домови, како и утврдување на можни проблеми, предлози и решенија за нивно надминување.

## 2. Формирање, организација, надлежност, кадровска екипираност, средства за финансирање и комуникација/соработка на институциите надлежни во областа

### Формирање, организација, надлежност

2.1 Врз основа на член 8 од ЗСС, Владата на РМ во согласност со развојните документи, донесува **Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард,** секоја година, со која се планираат вкупните финансиски средства од раздел 16001 - МОН во Буџетот на РМ. Со Програмата се утврдува: месечната цена за партиципација за сместување и исхрана која ја плаќа МОН, обемот на средства за финансирање на Програма 6 - Студентски – стандард, (средства за културно - забавни, спортско - рекреативни и други активности), како и средствата за финансирање на потпрограмата ТК Изградба и реконструкција на студентски домови. Со Програмата средствата се планираат во вкупен износ, односно не е утврдено колку од предвидените средства се однесуваат за секој студентски дом поединечно.

Поради наведената состојба отежнато е планирањето на средствата во студентските домови од причина што домовите немаат сознание кои проекти и за кои студентски домови, се предвидени да се финансираат во тековната година.

2.2 Имајќи ги во предвид поставеноста и големиот број на објекти со кои располага Државниот студентски дом "Скопје" - Скопје, бројот на студенти, обемноста на сместувачките капацитети кои изнесуваат 60% од вкупниот капацитет на ниво на држава, како и проблемите со кои се соочува студентскиот дом, констатиравме потреба од поголема ефикасност во извршувањето на дејноста на домот, потреба од зголемена контрола и преземање активности за преиспитување на **организационата структура и поставеност** на државниот студентски дом или решение кое ќе придонесе за

поголема функционалност и ефикасност во извршувањето на функцијата на државниот студентски дом "Скопје" - Скопје.

**Состојба со ненаплатени побарувања**

2.3 Согласно член 17 од Правилникот за начинот и постапката за **прием на студентите** во ДСД[1] предвидена е обврска студентите кои ги освоиле потребните бодови за сместување и исхрана да достават изјава и меница од родител старател како гаранција за подмирување на трошоците за сместување и исхрана.

Со потпишувањето на меницата, меничниот должник, ги прифаќа условите и сумата означена во меницата со што значајно се забрзува процесот на наплатата. Во случај должникот, да не сака да ја плати својата обврска во рокот назначен во меницата, доверителот има право на принудна наплата на меницата.

Со новиот Правилник за прием на студенти во ДСД за академската 2013/2014 година изоставена е обврската за потпишување на меница, согласно која ДСД ќе ја обезбедат наплатата на побарувањата од корисниците на услугите при вршење на нивната дејност.

Со извршениот увид во начинот на наплата на побарувањата од корисниците на услугите ревизијата ја утврди следната состојба:

- **ДСД „Скопје" и Пелагонија - Скопје** и покрај непостоењето на законска основа продолжиле со праксата на обезбедување на своите побарувања за подмирување на трошоците за сместување и исхрана со потпишување изјава и меница од родител старател;
- **ДСД „Кочо Рацин" - Битола** извршува наплата на надоместокот за трошоците за сместување и исхрана врз основа на склучен договор за сместување и исхрана потпишан од самиот студент со кој тој се обврзува плаќањето да го врши авансно за целиот месец и тоа од 25 до 30 во месецот за наредниот месец, со што би се добиле и бонови за исхрана;
- **ДСД „Никола Карев" - Охрид** наплатата на надоместокот за подмирување на трошоците за сместување и исхрана го обезбедува со договорот за сместување и исхрана што го склучува со родителот на студентот и самиот студентот, согласно кој студентскиот дом добива согласност од родителот дека истиот ќе ги плати трошоците за сместување и исхрана за студентот во однапред определен износ.

Со наведеното законско решение кое не предвидува обезбедување на наплата на надоместокот за трошоците за сместување и исхрана, се отежнува наплатата, поради тоа што студентските домови немаат механизми за обезбедување на наплата на побарувањата од студентите, и

[1] Извор на податоци: ("Службен весник на РМ") бр. 93/07 од 26.07.2007 година.

принудени се сами да изнаоѓаат начини за обезбедување на побарувањата согласно Законот за сопственост и други стварни права, Законот за облигационите односи, Законот за обезбедување на побарувањата и Законот за меница.

Со увид во ненаплатени побарувања од студенти, искажани со завршните сметки и интерни евиденции за 2012 и 2013 година, ревизијата ја утврди следната состојба:




Најголем износ на ненаплатени побарувања констатирано е кај ДСД "Скопје" - Скопје. Оваа состојба влијае на финансиското работење на студентскиот дом, поради тоа што овие средства претставуваат основен извор на финансирање. Поради горенаведените состојби со ненаплатените побарувања од студентите кај ДСД, потребно е да се унифицираат договорите за сместување и исхрана како и начинот на обезбедување на наплата на партиципацијата која ја плаќаат студентите за сместување и исхрана во студентските домови во РМ.

**Кадровска екипираност**

2.4 Со цел да се осознае состојбата и односот на бројот на студенти со бројот на вработените во ДСД, ревизијата направи анализи по домови за конкурсот за прием на студенти во ДСД за академската 2013/2014 година, изврши увид во правилниците за систематизација и организација и направи споредба со пополнетоста на работните места при што ги утврди следните состојби:

- **ДСД "Скопје" - Скопје** располага со капацитет за сместување од 3.438 студенти; согласно актот за систематизација предвидени се 295 вработени, од кои пополнети се 271 или споредено со бројот на студенти, студентскиот дом услугите за сместување и исхрана ги врши со 1 еден вработен на 13 студенти;
- **ДСД "Пелагонија" - Скопје** располага со капацитет за сместување од 937 студенти, согласно систематизација предвидени се 75 вработени од кои пополнети се 59 или споредено со бројот на студенти, студентскиот дом

услугите за сместување и исхрана ги врши со 1 еден вработен на 16 студенти;

- **ДСД "Кочо Рацин" - Битола** располага со капацитет за сместување од 380 студенти, согласно систематизација предвидени се 28 вработени од кои пополнети се 22 или споредено со бројот на студенти, студентскиот дом услугите за сместување и исхрана ги врши со 1 еден вработен на 17 студенти;
- **ДСД „Никола Карев" - Охрид** располага со капацитет за сместување од 231 студенти, согласно систематизација предвидени се 30 вработени од кои пополнети се 27 или споредено со бројот на студенти, студентскиот дом услугите за сместување и исхрана ги врши со 1 еден вработен на 9 студенти.

Соодносот вработени/студенти е прикажан на следниот графикон:




Истакнуваме, дека во текот на 2014 година донесен е правилник со кои се пропишуваат нормативите и стандардите за опремата, просторот и кадарот во студентските домови во кои се дефинирани критериумите за утврдување на бројот на вработени во студентските домови во зависност од бројот на капацитетите за сместување, бројот на оброци, вкупната површина нето/бруто и бројот на објекти со кои располагаат студентските домови.

Усогласувањето и пополнувањето на работните места согласно утврдените нормативи и стандарди од правилникот, како и утврдување на реалната потреба на вработени по работни места во ДСД ќе придонесе за целосно и правилно профилирање на вработените во домовите, со што ќе се создадат услови за квалитетно и навремено задоволување на работните, културните, информативните, спортско рекреативните и другите заеднички потреби на студентите како и навремено и соодветно спроведување на мерките, политиките и проектите за подобрување на услугите за сместување во студентските домови во РМ.

2.5 Со извршениот увид во персоналните досиеа, Правилникот за организација и систематизација на работните места, како и **начинот на засновање на работен однос** во студентските домови ревизијата утврди дека во ДСД "Скопје" - Скопје ангажирани се 90 лица со договори на дело, што претставува 33% од вкупниот број на вработени, за вршење работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места. Договорите на дело се склучуваат во континуитет од 1998 година се до денот на ревизијата, за кои во текот на 2013 година исплатени се средства во износ од 11.267.000 денари.

Вработувањето на лицата со договор на дело остава простор за субјективно одлучување при изборот на лицата, не обезбедува фер конкуренција, и одговорности, кои ги имаат редовно вработените лица согласно правата и обврските со актот за систематизација и склучениот договор за вработување.

**Финансирање**

2.6 Согласно ЗСС, студентски домови **средствата за финансирање** ги обезбедуваат од:

- Буџетот на РМ,
- наплата на дел од утврдената цена за сместување, од студентите;
- приходи од продажба на производи и услуги,
- комерцијално работење;
- приходи од договори за закуп и
- други приходи.

Средствата од Буџетот се обезбедуваат согласно Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, во која е предвидена месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа МОН и која за 2014 година изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината. Од наведените средства студентските домови исплаќаат средства за плати, тековно одржување, комунални трошоци, сместување и исхрана на студентите.

Извршивме анализа на пооделните видови трошоци за 2013 година по студентските домови и го утврдивме учеството на пооделните видови трошоци, прикажани на графикон подолу:




Прегледот на вкупните расходи и неподмирени обврски за 2012 и 2013 година во државните студентски домови е следна прикажана на следната табела:

во денари

| ДСД | Вкупно расходи за 2012 година | Вкупно расходи за 2013 година | Неподмирени обврски 2012 | Неподмирени обврски 2013 |
|---|---|---|---|---|
| **„Скопје„ - Скопје** | 255.582.938 | 231.829.862 | 252.058.851 | 275.308.338 |
| **„Пелагонија„ - Скопје** | 74.205.611 | 60.462.451 | 16.295.933 | 25.614.832 |
| **„Кочо Рацин„ - Битола** | 26.753.385 | 23.253.952 | 1.926.728 | 3.115.964 |
| **„Никола Карев„ - Охрид** | 23.153.698 | 20.646.281 | 1.427.569 | 2.068.687 |

ДСД „Скопје„-Скопје е со највисок износ на неподмирени обврски. Просечно годишно домот остварува приходи во висина на просечните годишни трошоци, при што долгот од година во година останува во истиот износ.

Во текот на 2013 и 2014 година ДСД "Скопје" - Скопје доставил голем број на барања/дописи до МОН во кои известува за состојбата и проблемите во кои се наоѓа студентскиот дом како и потребата од средства со цел подмирување на долговите кои што ги има за комунални услуги како и трошоците за тековно работење.

Во доставените барања се укажува на сериозноста на проблемите со кои се соочуваат во ДСД "Скопје" - Скопје како и потребата од решавањето на овие проблеми со цел да не се доведе во прашање сместувањето и исхраната на студентите сместени во ДСД.

Ваквата состојба влијае врз тековното функционирање на ДСД и оневозможува подобрувањето на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови.

Со најголем недостаток на средства за финансирање на дејноста, домовите се соочуваат во летниот период, во месеците јули и август, од причина што во наведениот период намален е приливот на средства од студентите како и тоа

дека МОН не врши плаќање на средства по основ на партиципација на студентите во студентските домовите за овие месеци.

Исто така во периодот додека трае конкурсот (септември или почетокот од октомври) ДСД се празни, додека не се изврши приемот и вселувањето на студентите, како и во месеците мај/јуни, кога голем дел од студентите ги напуштаат ДСД.

**Цена за сместување и исхрана во студентските домови**

2.7 Согласно член 32 од ЗСС, **цената** за сместување и исхрана во студентските домови се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди за овој вид услуги. МОН за студентите кои се сместени во студентскиот дом партиципира во цената за сместување и исхрана до 50% од утврдената цена, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот.

Во текот на 2002 година донесено е Решение[2] за примена на нормативи за исхрана на учениците и студентите кои престојуваат во ученичките и студентските домови во РМ, согласно нормативите изработени од факултетот за туризам и угостителство - Охрид и. истите не се ревидирани од 2002 година.

Со донесувањето на ЗСС нормативите и стандардите ги утврдува министерот, по предлог на стручна комисија која ја формира и е составена од двајца претставници од Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ, двајца претставници од МОН и еден претставник од Комората на инженери и архитекти на РМ. Овие нормативи и стандарди до денот на ревизијата не се донесени од страна на МОН.

Студентските домови доставиле до МОН предлог цена за сместување и исхрана за студентите за академската година 2013/2014 која се движи од 8.552 до 15.749 денари, како и цена по која наплаќаат студентските домови и која е утврдена согласно Одлуки на управен одбор. Подетално цените за сместување и исхрана за учебната 2013/2014 се прикажани во Прилог 2 од овој извештај.

Имајќи го во предвид фактот дека цената за сместување и исхрана не е променета повеќе од 10 години, односно истата е зголемена само за 10% во текот на академската 2008/2009 година, ревизијата е на мислење дека е потребно МОН во најкус можен рок да ја формира стручната комисија, согласно ЗСС, со цел донесување на нормативите и стандардите како основа за утврдување на реална цена за сместување и исхрана во студентските домови.

Во оваа насока во периодот од 2012 до 2014 година студентските домови доставиле голем број на барања/дописи до МОН за ревидирање на економската цена. Утврдување и донесување на реална цена за сместување и исхрана ќе придонесе за поголема функционалност на студентските

[2] Извор на податоци: Решение број 08-1780/1 од 29.03.2002 година.

домови како и ќе влијае врз подобрувањето на услугите за сместување во студентските домови.

2.8 Трошоци за **културно забавен живот, административни и општа штета** кои ги наплаќаат студентските домови не се предвидени согласно законската и подзаконската регулатива која ја регулира студентскиот стандард. На ниво на секој ДСД врз основа на Одлуки донесени на управните одбори, утврдена е обврска во секој ДСД посебно, еднократно да се наплаќаат следните трошоци по студент:

во денари

| ДСД | Културно забавен живот | Општа штета | Административни трошоци |
|---|---|---|---|
| **„Скопје„ - Скопје** | 250 | 300 | / |
| **„Пелагонија„ - Скопје** | 250 | 250 | 200 |
| **„ Кочо Рацин„ - Битола** | / | 300 | 600 |
| **„ Никола Карев„ - Охрид** | / | / | 300 |

Имајќи во предвид дека секој ДСД различно постапува во однос на наплатата на овие средства, има потреба од пропишување и дефинирањето на овие трошоци во законската и/или подзаконската регулатива во ДСД, што ќе се придонесе за поголема контрола во прибирањето и користењето на овие средства.

**Координација/соработка**

2.9 Соработката и координацијата помеѓу МОН и студентските домови при планирањето, креирањето, донесувањето на законски, подзаконски политики, мерки и проекти од областа на сместувањето во студентските домови претставува предуслов за квалитетно управување со студентските домови со цел подобрување на услугите за сместување.

Активностите во областа на сместување во студентските домови претставуваат низа на заеднички меѓусебно поврзани активности како на вертикално така и на хоризонтално ниво, при што голем број на активности што се во надлежност на една институција во исто време имаат допирни точки со надлежностите на друга институција.

Од извршената ревизија констатиравме дека за дејноста која ја извршуваат студентските домови во РМ е потребна поголема **координација/соработка** помеѓу МОН и студентските домови, како и помеѓу студентските домови, со цел координирано дејствување, во насока на донесување на законски и подзаконски акти правилници, упатства кои се потребни за тековното функционирање на студентските домови, кои во голем дел се разликуваат.

Поголемата меѓусебна соработката и соработка со надлежните институции ќе придонесе за поефикасно решавање на заеднички проблеми, размена на искуства во определена областа со цел решавање на определени проблеми кои се појавуваат во тековното функционирање на студентските домови во Република Македонија, како и донесувањето на унифицирани подзаконски



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

1. ____________________

2. ____________________ ______________________

акти, процедури, постапки, договори кои во голема мера ќе придонесат за подобрување и унапредување на функцијата на студентски домови во Република Македонија, поефикасна контрола, а со тоа и во подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови.

**Состојба со државните студентски домови**

2.10 Објектите кои ги користат државните студентски домови се изградени на различни локации, во различни временски периоди, истите се од траен или времен карактер, со старост од 10, 30 и 50 години. Ревизијата изврши увид во државните студентски домови: "Скопје" - Скопје, "Пелагонија" - Скопје, "Никола Карев" - Охрид и "Кочо Рацин" - Битола со цел утврдување на состојбата и условите за сместување на студентите како и потребите на студентските домови. Констатиравме дека иако во последните години нивното одржување е проследено со вложување на значителни финансиски средства, сепак состојбата во дел од државните студентски домови не ги задоволува условите за домување и тоа:

- за престој на студентите во објектите, важна улога има комуналната инфраструктура, изградена во време кога задоволувала мали капацитети и потреби, и која предизвикува дополнителни потешкотии во нејзиното одржување и експлоатација;
- потреба од промена и реконструкција на електричната инсталација во зградите која е доста стара и не ги задоволува потребите на современото живеење односно можностите за приклучок на додатни уреди во собите;
- потреба од реконструкција и санација на санитарни чворови кои се наоѓаат во лоша состојба, комплетна инсталација за ладна и топла вода, во дел потреба од комплетна нивна промена, од причина што во мал дел од студентските домови санитарните простории се заеднички;
- исто така постои потреба од реконструкција на санитарии во помошните простории (трпезарија, кујна, читални и други заеднички простории), кои во дел од домовите воопшто не се реконструирани, а истите масовно се користат;
- промена на кров и кровна конструкција е потребна во дел од државните студентски домови, како и промена на врати и прозорци, кои се стари повеќе од 30 години и истите не допринесуваат за енергетска ефикасност во државните студентски домови;
- редовна поправка и сервисирање на лифтовите е неопходна, поради безбедноста на студентите и вработените;
- објектите во ДСД "Скопје" - Скопје, организациона единица "Невена Георгиева Дуња" објектите не ги задоволуваат условите за сместување на студенти, поради што во спроведениот конкурс за студентската 2014/2015 година истиот е исклучен од конкурсот за прием на студенти;

Во насока на подобрување на условите за сместување на студентите во државните студентски домови, потребно е започнатите проекти за реконструкција и санација на државните студентски домови и во наредниот период да продолжат, со што ќе се придонесе за значително подобрување на состојбите во оние студентски домови кои се опфатени со овие проекти.

3. **Постапка за сместување на студентите во студентските домови, надзор и контрола на државните студентски домови**

**Постапка за сместување на студентите во студентските домови**

3.1. Со извршениот увид во распишаниот **конкурс за прием на студенти** во студентските домови и други објекти за сместување за академската 2012/2013 и 2013/2014 година, изработените извештаи на комисиите, конечните ранг листи и реалната состојба (главните книги) ги утврдивме следните состојби:

Конкурс за учебна 2012/2013 година

За Конкурсот за прием на студенти за учебна 2012/2013 година ги утврдивме следните состојби:

– во конкурсот за прием на студенти не е направена дистинкција во кои студентски домови имаат право да аплицираат студентите кои за прв пат се запишуваат на студии, имајќи во предвид дека постојат студентски домови кои не дозволуваат сместување на оваа категорија студенти - бруцоши;
– во конкурсот за прием утврдено е правото за прием на редовни студенти од други држави кои се запишани на универзитетите и високообразовните установи во РМ избрани со конкурси, одлуки, решенија, договори кои не учествуваат во процесот на избор при што се доведуваат во понеповолна положба редовните студентите од РМ. Сметаме дека е потребно да се изнајде соодветен законски/подзаконски начин за нивно вклучување во процесот на прием на студенти или да се предвиди посебна законска квота за оваа категорија на студенти;
– доставените конечни ранг листи не нудат информација за бројот на освоени бодови за секој кандидат поединечно согласно критериумите од Правилникот за начинот и постапката за прием на студенти на кој начин би се потврдило доделеното место;
– утврдена е разлика во содржината во извештаите на комисиите за прием на трите универзитети што укажува на отсуство на критериуми, процедури за постапувањето на комисијата при изготвување на извештајот од спроведената постапка за прием и разгледување на доставените пријави. Извештајот на комисијата при УКИМ нуди оскудни информации за бројот на примените студенти и не нуди информации за бројот на пристигнати/ разгледани пријави, примени,

одбиени студенти како ни поделба на бројот на примени студенти од повисоките студиски години и бруцоши;

- утврдена е разлика во бројот на доделени легла согласно извештајот на комисијата во однос на бројот на примени студенти по конечни листи во организациона единица Стив Наумов. Согласно извештајот бројот на примени студенти е 1.305 додека согласно конечните листи бројот е 1.054 студенти;
- во ДСД "Томе Стефановски Сениќ" - Скопје бројот на примени студенти согласно извештајот за прием не соодветствува со бројот на примени студенти по конечните листи. Согласно извештајот бројот на примени студенти е 224 додека согласно конечните листи бројот е 127 студенти;
- Комисијата за прием на студенти при УКИМ не постапила согласно член 21 од Правилникот за начинот и постапката на прием на студентите согласно кој комисиите од вкупниот број расположливи легла во студентските домови обезбедуваат до 20% за студенти кои за прв пат ќе бидат запишани на факултетите и високите школи. Комисијата во ДСД "Скопје" - Скопје примила вкупно 225 студенти што претставува 7% од вкупните сместувачки капацитети, а во организационите единици "Гоце Делчев" и "Кузман Јосифовски Питу" воопшто не примиле бруцоши иако располагаат со 1.704 легла;
- утврдена е разлика во бројот на доделени легла согласно извештајот на комисијата во однос на бројот на примени студенти по конечни листи во ДСД "Скопје" организациона единица Гоце Делчев. Согласно извештајот бројот на примени студенти е 1.214 додека согласно конечните листи бројот е 1.000 студенти;
- со цел да се излезе во пресрет на поголем број на студенти за сместување во студентските домови и другите објекти за сместување во Скопје со Извештајот од работа на комисијата за прием на студенти при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" - Скопје за студиската 2012/2013 година легло добиле 88 студенти кои се сместени во други објекти за сместување. Оваа состојба се повторува и во студиската 2013/2014 година.

  Сместувањето на студенти во сместувачки капацитети кои не се дел од студентски домови и не објавување во конкурсот за прием влијае на реалноста и објективноста во утврдувањето на вкупните сместувачки капацитети и нивна објава во конкурсот за прием;
- извештаите не нудат информација за листи на чекање согласно кои ќе бидат сместени студенти на испразнетите места во студентските домови;

Конкурс за учебна 2013/2014 година

Состојбата со изготвените извештаи од страна на комисијата за прием со конкурсот 2013/2014 година значително е подобрена од аспект на содржинска подготвеност на извештаите како и нивна усогласеност со

изработените конечни листи. Меѓутоа се уште постои неусогласеност на извештаите кои се изработуваат во комисиите за прием на студенти при трите универзитети во делот на податоците кој треба да ги содржи истиот.

Во текот на студиската 2013/2014 година спроведени се три конкурси за прием на студенти во ДСД и други објекти за сместување во РМ, при што ги констатиравме следните состојби:

- прв конкурс 29.08.2013 година за студентите од II година и повисоките години и 06.09.2012 година за студенти од I година;
- втор конкурс 22.09.2012 година за студентите од II година и повисоките години додека за студенти од I година со вториот конкурс не се објавени слободни легла;
- со третиот конкурс нема утврдени рокови во истиот е наведено дека конечните листи ќе бидат објавени веднаш по проверката на документацијата од страна на комисијата за прием. Записникот за работата на комисијата за прием при УКИМ е изработен на 29.10.2013 година;
- конечните списоци согласно конкурсите се објавуваат на огласните табли во студентските домови, каде што конкурирал студентот и на интернет порталот. Имајќи го во предвид времетраењето на академската година која започнува во месец септември тековната и трае до месец јуни наредната година вака поставеното времетраење на конкурсите оневозможува студентите да бидат сместени пред почетокот на академската година, оневозможено е студентските домови да изготват план за прием на студенти со кој согласно утврдените критериуми/правила ќе се изврши навремена распределба на студентите, како и соодветно планирање на сместувачките капацитети.
- комисиите за прием на студенти во студентските домови немаат изработено збирни конечни ранг листи во кои ќе бидат сумирани резултатите за примени студенти по завршувањето на сите конкурси за прием на студенти. Поради обемноста на материјалот за примените студенти по конкурси, доставените приговори, записниците за разгледување на приговорите на конечните листи за сместување, барањата за прераспределба од еден во друг студентски дом или друг објект за сместување неминовно се наметнува обврската за изработка на збирни конечни листи по трите конкурси кои листи ќе бидат основа студентските домови да го извршат процесот на сместување само на тие студенти кои се наоѓаат на конечните листи.

Со извршениот увид во конкурсите за прием на студенти во студиската 2012/2013 и 2013/2014 година ревизијата констатира отстапувања на бројот на објавени легла, при што во студиската 2013/2014 година објавени се 420 легла повеќе од претходната година. Станува збор за непријавени легла поради отсуство на елементарни услови за сместување на студенти (остави,

чајни кујни. читални) чија основна намена не е сместување на студенти но истите со минимална преадаптација биле искористени за таа намена. Со вршење на редовни контроли од ДПИ како и со воспоставувањето на регистарот на студентските домови МОН ќе ги утврди капацитети со кои располагаат студентските домови и ќе се намалат проблемите околу непријавените легла во ДСД.

Во конкурсите за прием на студенти за студиската 2012/2013 и 2013/2014 година, ДСД ги објавуваат своите капацитети што влијае на добивање на нереална слика за вкупните сместувачките капацитети наменети за студенти како и нереално утврдување на законската основа од 20% за прием на бруцоши бидејќи истата се утврдува од вкупните капацитети на студентските домови.
Согласно член 14 и 16 од Правилникот за начинот на прием на студентите во ДСД и спроведениот конкурс за прием на студенти во студентските домови 2012/2013 и 2013/2014 година, предвидена е обврска прелиминарните и конечните списоци на студентите со добиените бодови да се објават на интернет страницата на МОН и на студентските домови, како и на огласните табли на студентските домови. Наведените списоци не се објавени на веб страната на МОН ниту на огласните табли на ДСД од причина што ДСД "Скопје" - Скопје и "Кочо Рацин" - Охрид немаат изработено веб страница односно истите МОН по службен пат не ги доставило до студентските домови. Необјавувањето на прелиминарните/ конечните списоци влијае на транспарентноста односно достапноста на информациите од приемот на студентите во ДСД.

Имајќи го во предвид фактот дека во академската 2013/2014 по спроведени три конкурси за прием на студенти сместувачките капацитети не се пополнети во целост, ревизијата смета дека МОН треба да размисли за можноста за распишување на отворен конкурс за прием на студенти. На овој начин би се избегнале роковите предвидени за спроведување на секој засебен конкурс, би се овозможило на студентите кои од било какви причини не успеале да се пријават да добијат повторна можност, што би придонело за целосно исполнување на сместувачките капацитети и обезбедување на дополнителни финансиски средства за студентските домови во Република Македонија.

**Сместување на студентите во студентските домови**

3.2. Согласно член 38 од ЗСС една од обврските на директорите на ДСД е по спроведениот конкурс за прием да извршат сместување на примените студенти. Со извршениот увид во постапката за сместување ревизијата ја утврди следната состојба:

- **ДСД "Скопје" - Скопје** во текот на 2013 година донела Правилник за сместување на студенти, додека за претходниот период на ревизијата

не и беше приложен акт кој ја регулира постапката за сместување на студенти;

– **ДСД "Пелагонија" - Скопје** на седницата на УО во текот на 2009 година донел Правилник за сместување и исхрана, кој содржи услови за прием, податоци, местото и рокот за поднесување на документи, начинот, постапката, критериумите и органите за прием на студенти за академската 2008/2009 година и истиот наликува на извештај по спроведен конкурс за прием на студенти во таа академска година;

  Правилниците за сместување на студентите во ДСД "Скопје" и "Пелагонија" имаат општи одредби за постапката/процедурите содржани во законски и подзаконски акти донесени од МОН. Со подзаконски акти овие студентските домови не извршиле конкретизација односно не ги прецизирале и пропишале:

  - постапката на прием и сместување;
  - начинот на распоредување на студентите по соби;
  - задолжување и раздолжување со инвентар по соби;
  - рокови за иселувањето и
  - подмирување на финансиските обврски на сместените студенти

– **ДСД "Кочо Рацин" – Битола** изготвил Процедура за постапката за прием и сместување на студентите во текот на 2010 како и правилник за сместување студенти во текот на 2014 година, со кои извршил конкретизација на постапката за прием и сместување;

– **ДСД "Никола Карев" – Охрид** постапката за прием на студенти ја уредил со Правилникот за куќен ред при престојот на студентите во посебна дел во која се уредени правата и должностите на студентот како и постапката за вселување и иселување.

Во постапката за сместување на студенти, студентските домови користат сет на документи/обрасци. Обрасци кои ги користат ДСД не се пропишани со законските и подзаконски акти кои го регулираат студентскиот стандард. Потребно е да се изврши нивно усогласување со подзаконските акти како и документацијата која реално се бара од студентите и која претставува основа за формирање на досието.

Имајќи во предвид дека процесот и постапката на сместување на студентите претставува особено битен дел од дејноста која ја остваруваат студентските домови, дефинирањето на постапката на сместување во студентските домови и пропишувањето на потребните обрасците/документите кои се користат во ДСД, ќе го унифицираат начинот на евидентирање и задолжување на студентите, ќе се намали можноста од субјективизам во сместувањето и ќе придонесе за поголема заштита на инвентарот во домовите а со тоа и подобрување на севкупната состојбата на престој на студенти во државните студентски домови во Република Македонија

3.3. Согласно ЗСС, при користењето на услугите студентот треба да се придржува на **куќниот ред**, донесен од управниот одбор на домот. На студентите кои не се придржуваат на утврдениот куќен ред може да им се изрече воспитна мерка; писмена опомена, опомена пред отстранување и забрана на користење на услугите во студентскиот дом. Воспитните мерки писмена опомена и опомена пред отстранување се изрекуваат за полесни повреди на куќниот ред на студентскиот дом. Во ЗСС утврдено е дека начинот на надоместувањето на штетата и начинот на изрекување на воспитните мерки се уредува со статутот на студентскиот дом.

Од извршениот увид во Статутите на ДСД и правилниците за Куќен ред, ревизијата утврди дека ДСД имаат донесено правилници за куќен ред кои различно ги регулираат, правата и должностите на студентите сместени во студентскиот дом, одговорноста за повредите на правилникот за куќен ред и останатите акти на домот, вселувањето и иселувањето на студентите, водење на постапки за повредите на правилникот за куќниот ред и останатите акти на домот, начинот и органите кои ги изрекуваат мерките и други работи поврзани со престојот на студентите во домот.

Во пракса ДСД доставуваат опомени, прават контроли кои не се утврдени со определени записници, дел имаат определено ценовници за штета, дел имаат формирано или формираат комисии по потреба, дел водат евиденција за изречените опомени/санкции/штети итн.

Дефинирањето на конкретни мерки и активности во однос на вршењето на контроли, бројот на контроли кои треба да се извршат во текот на една академска година, формирањето на комисии, обврска за изготвување на извештаи од лицата одговорни за сместување, евиденции за извршените опомени/санкции/штети, дефинирање на ценовници за трошоците кои би се наплаќале за направени штети, ќе придонесе за поголема контрола во студентските домови, утврдување на проблеми како и преземање на мерки, предлози/решенија за оние корисници на услуги кои не се придржуваат до донесените правилници а кои го нарушуваат куќниот ред или не се однесуваат со должно внимание и грижа.

Ревизијата укажува на важноста на дефинирањето на јасни и конкретни процедури, со кои ќе се прецизираат правата и должностите на студентите сместени во студентскиот дом во однос на почитувањето на куќниот ред, како и мерки, санкции и казни во случај на непочитување со цел поголема заштита и грижа за студентските домови, особено за ново изградените и реконструирани објекти кои на овој начин би се заштитиле имајќи го во предвид користење на овие објекти на подолг рок, како за овие така и за наредните генерации на студенти кои треба да ги користат услугите за сместување во студентски домови во РМ.

Во текот на 2013 година ДСД "Никола Карев" - Охрид во правилникот за Куќен ред предвидел дека студентите кои ќе се истакнат со својот однос, достигнувања или успеси во текот на престојот во студентскиот дом, можат да бидат пофалени или наградени со акт на директорот. Наградите со кои ќе

бидат наградувани студентите можат да бидат во вид на признанија, книги, спортски реквизити, ваучери за разни настани или услуги и слично.
Ваквиот начин на стимулирање на студентите придонесува кон мотивација на студентите и со тоа и поголема заштита и грижа за студентските домови во Република Македонија.

3.4. Согласно ЗУСС и ЗСС за примените студенти се води **евиденција и документација,** и тоа во студентскиот дом во Главна книга, додека евиденцијата се води во досие за секој студент поединечно. Согласно ЗСС поблиски прописи за начинот на водење на документацијата и евиденцијата пропишува министерот. Со извршениот увид во законските, подзаконските акти, главната книга и досието кои се води во ДСД ја утврдивме следната состојба:

- до 2014 година не се донесени поблиски прописи за начинот на водење евиденција и документација;
- ДСД имаат изработено Главната книга на обрасци (посебно изработени книги) чија содржина ја определиле самите студентски домови;
- во ДСД "Скопје" и "Пелагонија" – Скопје дел од податоците се внесуваат со молив што влијае на можноста да се вршат промени при внесување на податоците;
- во ДСД "Скопје" - Скопје поради специфичноста во организационата поставеност, не е предвиден начинот на евидентирано движење на студентите од една во друга организациона единица;
- во ДСД се користат различни обрасци на документи кои ги одложуваат во досието за примените студенти.

Со донесувањето на ЗСС и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на документацијата и евиденцијата во студентските домови[3], донесени во март 2014 година пропишана е содржината и начинот на водење на Главната книга како и потребната документација која студентските домови треба да ја одложуваат во досието а кои би требало да започнат со примена со академската 2014/2015 година.

3.5. Со извршениот увид во извештаите за извршен прием на студенти, конечните ранг листи, евиденцијата/главната книга која е воспоставена и рачно се води во студентските домови, известувањата за пополнетост и **фактурираните износи,** кои на месечна основа државните студентски домови "Скопје" - Скопје, "Пелагонија" - Скопје и "Кочо Рацин" - Битола ја испраќаат до МОН, ревизијата ја утврди следната состојба:

- за академската 2012/2013 студентските домови фактурираат до МОН по основ на партиципација за целосна пополнетост на капацитетите, иако реално бројот на студенти се намалувал на месечна основа во

[3]Извор на податоци: („Службен весник на РМ„) бр. 52 од 18.03.2014 година.

текот на годината, што резултира со фактурирање на поголем број легла од фактичката пополнетост;

- Со извршениот увид во извештаите изготвени од комисиите за прием на студенти при трите универзитети и главните книги во студентските домови утврдени се повеќе евидентирани студенти од примени согласно извештаите за прием на комисиите за академската 2012/2013 и 2013/2014 година;
- со член 25 од Правилникот за начинот и постапката за прием на студенти предвидено е доколку во студентските домови останат непополнети места истите можат да се пополнат со студенти кои не ги исполнуваат условите согласно овој правилник, за што плаќаат полна економска цена за сместување и исхрана.

  Утврдивме дека во текот на академската 2012/2013 година, испразнетите и непополнети легла во студентските домови, се надополнети со студенти кои не се од конечниот список и за истите од МОН студентските домови добиваат средства по основ на партиципација;
- со конкурсот за прием на студенти за академската 2013/2014 година подобрен е начинот на евидентирање на примените студенти, во делот на усогласување на конечните листи со Главната книга, и редовно усогласување на месечна основа на податоците внесени во Главната книга со бројот на студенти кој се доставува до МОН, со цел добивање на средства по основ на партиципација за сместување и исхрана.

Ваквата состојба влијае врз висината на средствата кои се добиваат по основ на партиципација за сместување и исхрана, поради нереално пријавен број на студенти кои се сместени во студентските домови на месечно ниво.

Воведувањето на софтвер за евиденција на студенти во ДСД ќе придонесе за воспоставување на единствен систем на евиденција на точни и прецизни податоци за секој студент поединечно по студентски дом кои податоци ќе бидат достапни до сите институции во процесот на евидентирање, фактурирање и наплата и истите би претставувале реална база на податоци и контролен механизам на МОН при исплата на овие средства.

**Раселени лица**

3.6. Во делот на сместувачките капаците на ДСД “Скопје “- Скопје организационата единица Стив Наумов и ДСД “Пелагонија“ -Скопје, сместени се раселени лица од 2001 година, за кои се исплаќаат средства од страна на МТСП, врз основа на доставена фактура од ДСД. Во изминатите години првичната бројка била неколку стотици, врз основа на добивање на редовни известувања од МТСП за иселување на лицата кои според евиденциите го губат статусот на раселени и за кои МТСП нема да ги признава трошоците.

Во текот на 2012 - 2014 година од страна на одговорните лица на студентските домови доставени се ургенции до МТСП и МОН за преземање на мерки за надминување на наведената состојбата;
Сместувањето и престојот на раселени лица, како и на оние кои им е престанат статусот на раселени, влијае на намалувањето на сместувачките капацитети, намената за која се основни, обезбедувањето на соодветни услови, опкружување, односно влијае врз квалитетот и условите за живеењето на студентите во државните студентски домови.

**Надзор и контрола на државните студентски домови**

3.7. Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од ЗСС ги врши **Државниот просветен инспекторат.** Со увид во Годишната програма за работа за 2012 година на ДПИ констатиравме дека не е спроведен надзор, не е изготвен Извештај за следење на спроведување на конкурсот за сместување во студентски домови и не е изготвена Информација за сместување на ученици и студенти во ученички и студентски домови, по спроведениот конкурс за академската 2012/2013 година. Во текот на 2012 година извршен е еден вонреден надзор согласно Програмата за работа за 2012 година.
Согласно Програмата за работа за 2013 година на ДПИ, спроведени се дел од планираните надзори со Програмата за работа за 2013 година во државните студентски домови во Република Македонија.
Во Годишните извештаи за работа на ДПИ за 2012 и 2013 година не се прецизно наведени, кои надзори се спроведени во студентски домови, следењето на сместувањето во студентски домови, број на издадени извештаи, записници и слично.

Во текот на 2014 година МОН изготвил и доставил информација до Генералниот секретар на Владата на РМ, во која е даден осврт на констатираната состојба со домовите, расположливите капацитети, состојбата со објектите, пополнетост и услови на функционирање. Врз основа на Заклучок на Владата на РМ извршен е инспекцискиот надзор за состојбите во ДСД за академската 2013/2014 година. Во информацијата изнесени се констатираните состојби поодделно кај секој државен студентски дом во однос на слободни/непополнети места, сместувачките капацитети, хигиената, просторните и санитарни услови во објектите, начинот на евидентирање и водење на документација за примените студенти, сместување на раселени лица, издавање на простории/давање под закуп на делови од имотот со кој располагаат студентските домови на физички/правни лица и слично, воедно се истакнати состојбите работите кои треба да се надминат и кои влијаат на условите и сместувањето во студентските домови. Како генерални заклучоци од изнесените информации за секој дом е дека бројот на примени студенти е според објавениот конкурс, се води евиденција на примените студенти, но треба да



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

*1.* ____________________

*2.* ____________________ ________________________

се подобрат условите од аспект на обнова, адаптација, реконструкција, подобрување на санитетски услови и поправка на објектите/зградите за сместување на студентите.

Особено може да се издвои организациона единица Невена Георгиева Дуња каде е наведено дека објектите не ги задоволуваат условите за сместување на студенти, и покрај фактот што е спроведен конкурс во 2013/2014 година. Во однос на условите за работа, внатрешната организација и човечките ресурси во ДПИ, за 2012 и 2013 година констатиран е недоволен кадар за успешно и непречено извршување на целите на ДПИ во делот на надзор на спроведување на студентскиот стандард согласно прописите, состојба која е констатирана и во Програмите и Извештаите за 2012 и 2013 година. Од вкупно 71 вработени во ДПИ, во секторот надлежен за вршење на надзор на студентските домови, вработено е 1 лице - советник.

Поради состојбата со кадровската не екипираност во ДПИ, недостасува редовен и ефикасен инспекциски надзор во сите ДСД кој би дал придонес во насока на навремено согледување на состојбите, известување и преземање на мерки и активности за подобрување на состојбите во студентските домови во Република Македонија.

**4. Мерки и активности за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во државните студентски домови**

**Мерки и активности на Владата на Република Македонија**

4.1. Во декември 2013 година на седница на Владата на РМ изработена е информација[4] за можноста за **изградба на три нови студентски домови** во Скопје, Штип и Тетово со модел на јавно приватно партнерство и го задолжила МОН во соработка со Министерството за финансии, да ја разгледа можноста за обезбедување на средства за изработка на физибилити студија за оправданоста на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на студентски домови во Скопје, Штип и Тетово.

Имајќи во предвид дека во академската 2013/2014 година постоечките капацитети во студентските домови во Република Македонија не се целосно исполнети, потребно е со анализата/студијата да се утврди потребата од отворање на нови студентски домови во РМ, локацијата, односно градовите во кои истите се потребни, како и рентабилноста и одржливоста на овој проект на долг рок.

4.2. Во текот на 2014 година МОН изработило Информација[5] за добивање на одобрение за отпочнување на постапка за јавна набавка за склучување на повеќегодишни договори за санација и за стручно - технички надзор при

[4] Извор на податоци: Нацрт записник број 41-9226/1 од 11.12.2013 година.
[5] Извор на податоци: Информација број 09-4068/1 од 25.03.2014 година.

**санација на Блок Б од ДСД "Скопје" – Скопје организациона единица "Гоце Делчев" – Скопје.** Имајќи во предвид состојба на студентскиот комплекс Гоце Делчев, особено на постоечкиот Блок Б, МОН санацијата на овој блок ја оцени како приоритет. За таа цел изработена е техничка документација - проект, со која се предвидува санација на Блок Б, која опфаќа замена на подовите, санација на ѕидовите, санитарните јазли, електричната инсталација и останатата опрема. Проценетата вредност на санацијата изнесува 76.600.000 денари, и за стручно технички надзор со проценета вредност од 1.400.000 денари. Во текот на 2014 година на седница[6] на Владата на РМ, донесен е заклучок, МОН да започне со изработка на проект за темелна реконструкција на студентскиот дом "Гоце Делчев". Во тек е спроведување на постапка за јавна набавка после која треба да започне реализацијата на овој проект. Во мај 2014 година МОН доставил допис до ДСД "Скопје" - Скопје во кој укажува дека поради планираната реконструкција да не се врши сместување на студенти за академската 2014/2015 година.

Наведените активности ќе придонесат за подобрување на состојбата во студентскиот дом "Гоце Делчев", како и за подобрување на услугите за сместување во студентските домови во РМ и нивна модернизација како предуслов за подобрување на квалитетот на услугите за сместување на студентите во студентските домови во Република Македонија,

**Мерки и активности на министерството за образование и наука**

4.3. Во периодот 2012 – 2014 година **МОН има спроведени проекти** во насока на подобрување на квалитетот на услугите за сместување во вкупен износ од 84.986.219 денари, кај следните ДСД во РМ и тоа:

- **ДСД "Скопје" – Скопје - објект "Гоце Делчев"** – изработка на проценка на штета и основен проект за санација на блок Б, санација на штета од пожар, за што исплатени се средства во износ од 278.940 денари;
- **ДСД "Скопје" – Скопје - објект "Невена Георгиева Дуња"**– комплекс клинички центар во Скопје, изработен е Основен проект за нов објект, за што исплатени се средства во износ од 6.372.000 денари;
- **ДСД "Никола Карев" – Охрид** - извршени се работи за санација на кров и опожарена котлара, за што исплатени се средства во износ од 4.460.666 денари, кои средства не се евидентирани во сметководствената евиденција на студентски дом и
- **ДСД "Скопје" – Скопје** - Организациона единица **"Стив Наумов"**- извршени се капитални инвестиции и градежни работи, за изградба на нови објекти, реконструкција, просторно - партерно уредување, надзор, основен проект, санација, реконструкција и водовод, за што исплатени се средства во вкупен износ 73,874,613 денари. Изградени се 8 објекти, или 72 соби, во кои ќе можат да се сместат околу 140 студенти во

[6]Извор на податоци: Записник број 42-17/194 од 26.03.2014 година.



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**
1. ____________________
2. ____________________ ______________________

учебната 2014/2015 година. Во текот на 2013 година извршен е интерен технички прием на новоизградените објекти, помеѓу МОН, надзорен орган, изведувач и ДСД "Скопје" - Скопје и со Записник е утврдено дека објектите се уште не се приклучени на систем за топловодно греење, електрична, водоводна и канализациона инсталација, испитувањата на исправноста на внатрешните инсталации. За наведените работи, техничкиот прием ќе се изврши со дополнителен записник (Прилог 4).

Во ДСД "Скопје" - Скопје, Стив Наумов, во периодот 2008 - 2011 година направени се капитални инвестиции од страна на МОН за кои не е доставена документација со цел нивно евидентирање.
По завршување на секој проект реконструкција или санација, потребно е МОН да ја доставува целокупната документација до студентските домови во кој се извршени работите со цел евидентирање и докапитализирање на вредноста на градежните објекти во сметководствената евиденција.
Овие активности ќе придонесат за подобрување на состојбата на студентските домови како и подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во РМ, а со изградбата на новите објекти за сместување ќе се придонесе за обезбедување на модерни и квалитетни услови за сместување не студентите во студентски домови во Република Македонија.

4.4. МОН во текот на 2012 и 2013 година покрива трошоците за услуги за **користење на интернет,** во износ од 3.100.000 денари. Трошоците за услуги за интернет се извршени согласно Договор[7] со кој се уредени правата и обврските за набавка на услуга за обезбедување на интернет пристап за неколку категории на субјекти и тоа: централни основни училишта, подрачни основни училишта, средни училишта и државни студентски домови. Во текот на 2013 и 2014 година склучени се нови Договори[8] за обезбедување на интернет услуга за централните и подрачните основни училишта, средните училишта и за дванаесет државните студентски домови во РМ, со цел подобрување на услугите во државните студентски домови во Република Македонија.

**Мерки и активности на државните студентски домови**

4.5. Во периодот 2012 - 2014 година ДСД со цел подобрување на условите за сместување ги презеле следните активности:

[7]Извор на податоци: Договор број 07-850/1 од 02.02.2010 година и договор број 21-47644/1 од 01.02.2010 година.
[8]Извор на податоци: Договор број 18-3676/13 од 24.08.2012 година и ОНЕ Телекомуникации број 02-5402/01 од 17.06.2012 година и договор број 18-11417/12 од 18.09.2013 година и АД Македонски Телеком број 27-4824/1 од 01.10.2013 година.



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**
*1.* ____________________
*2.* ____________________ ________________________

- **ДСД "Пелагонија" – Скопје:** набавка и монтажа на систем за видео надзор кој се состои од набавка на 15 камери, набавка на душеци за студентски кревети;
- **ДСД "Скопје" – Скопје,** нема превземено активности со цел подобрување на условите за сместување ;
- **ДСД "Кочо Рацин" – Битола:** набавка на рутер уред за интернет пристап во собите за студентите, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, градежни работи за монтажа на кнауф системи, метални конструкции, изработка на фасада, малтер и фарбање, изработка на веб страна, хостинг и одржување;
- **ДСД "Никола Карев" – Охрид:** набавка и монтажа на систем за видео надзор и негово одржување, молерисување и глетување, набавка на креветски чаршави, навлаки за перници, ќебиња, перници, прекривачи, пешкири и завеси, набавка на против пожарни апарати и набавка на кревети и душеци, промена на оштетен паркет и лакирање, кое е прикажано во Прилог 4 од овој извештај.

Сметаме дека овие активности ќе придонесат за подобрување на состојбата на студентските домови и подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во РМ.

4.6. Во периодот 2012/2013 година ДСД изработиле и доставиле до МОН **Инвестициони програми** за развој на дејноста на студентскиот стандард. Во програмите за инвестициони вложувања, изработени од одговорните лица во ДСД, доставени се предлози за извршување на определени зафати, кои битно ќе ги решат проблемите со кои се соочуваат ДСД, квантитативно и квалитативно ќе ги одржуваат објектите и ќе ги подобрат критериумите и стандардите за сместување и подобрување на студентскиот живот како и потребните финансиски средства за овие намени. Потребно е МОН да ги има во предвид овие инвестициони програми, во насока на давање приоритет во наредниот период.

Исто така ДСД имаат доставени бројните барања/укажувања за определени проблеми со кои се соочуваат ДСД како што се: потреба од набавка на опрема, реконструкции, санации, поправки, набавка на материјали, средства за комуналии, како и потребата од утврдување на решенија за надминување на проблемите со кои се соочуваат студентските домови во РМ.

**Мерки и активности на здружението на директори на ученички и студентски домови**

4.7. Во текот на 2013 година од страна на **Здружението на директори на ученички и студентски домови** доставено е барање до МОН во кое се систематизирани следните состојби и барања:

- зголемување на партиципацијата по студент од причина што во 2002 година е утврдена последна цена по студент во износ од 3.045 денари,

делот кој го покрива МОН, и истата до сега е коригирана и зголемена само еднаш за 10%;
- партиципацијата да се плаќа 12 месеци, од причина што реалните трошоци и плати на вработените се исплаќаат во текот на целата година;
- да се направат измени во конкурсните рокови во делот на роковите за сместување на студенти од повисоките години со цел истите да завршат до 31 август;
- потреба од вработувања на работни места кои се испразнети по основ на пензионирање или заминување во друга институција, состојба која претставува сериозен проблем за непречено извршување на дејноста на домовите.
- Студентските домови во РМ се соочуваат и со сериозни финансиски проблеми и неможност за навремено и редовно плаќање на комуналиите.

Разгледувањето и можноста за решавањето на овие проблеми ќе придонесе за подобрување на условите за сместување и поефикасно функционирање на студентските домови.

**Ревизорски заклучок**

Респектирајќи ги досега превземените мерки и активности и постигнати резултати за подобрување на квалитетот на сместувањето во студентските домови во Република Македонија од страна на надлежните институции, на мислење сме дека со донесување и усогласување на законската односно подзаконската регулатива, зајакнување, подобрување, надградба на постоечките институционални, кадровски, финансиски, материјално технички капацитети, подобрување на взаемната комуникација, соработка и координација помеѓу институциите надлежни за студентските домови, ќе се зголемат можностите и условите за обезбедување на квалитетни услуги за сместување на студентите во студентските домови како и за подобрување на севкупните состојби во наведената област.

Иако е постигнат напредок во поглед на создавањето и подобрувањето на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во Република Македонија а имајќи ги во предвид активностите планиран за реализација во наредниот период, сеуште постои потреба од подобрување на услугите, преку посветување на поголемо внимание на значењето на студентските домови од страна на сите планери и носители на одлуки, што треба да резултира со соодветни, сеопфатни политики и инструменти за подобрување на состојбата во истите, преку инвестирање, развој и заштитата на студентските домови кои и во иднина ќе ги користат следните генерации на студенти во Република Македонија.

**Препораки**

Со цел да даде придонес во функција на подобрување и унапредување на состојбите утврдени кај ризичните подрачја претставени во овој извештај, ревизијата ги дава следните препораки:

**Одговорното лице на Министерството за образование и наука да ги преземе следните мерки и активности:**

1. Во соработка со државните студентски домови да се преземат активности за изработка на сеопфатна анализа за состојбата на студентски домови во Република Македонија, со цел утврдување на реалната состојба за секој студентски дом поединечно, утврдување на приоритети на оние студентски домови кои се наоѓаат во лоша состојба со цел реновирање, реконструкција и подобрување на услугите за сместување, решавање на определени проблеми со кои се соочуваат и планирање на средствата согласно програмите за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во наредниот период.
2. Донесување на подзаконските акти предвидени со Законот за студентски стандард, со цел дефинирање на постапки и процедури за функционирање на надлежните институции и подобрување на целокупните состојби во студентските домови во Република Македонија.
3. Во соработка со студентските домови во РМ да се започнат активности за воспоставување на Регистар за студентски домови, со цел формирање на единствена база на податоци од која може да се добијат информации за сите студентски домови во РМ, бројот на студенти кои можат да се сместат, објектите и површините со кои располагаат.
4. При изработка на Програмата за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард за 2015 година, средствата да се планираат поодделно за секој студентски дом, со цел студентските домови да имаат информации за проектите кои се планираат да се финансираат во тековната година.
5. Во насока на подобрување на тековната состојба со кадровската екипираност, препорачуваме одговорните лица во МОН, ДПИ и државните студентски домови во соработка со надлежните институции да преземат активности за усогласување и пополнување на работните места согласно нормативите и стандардите за опремата, просторот и кадарот во студентските домови, како и реално утврдување на потребата за вработување во државните студентски домови во РМ.
6. Во координација со студентските домови да се преземат мерки и активности за дефинирање и унифицирање на начинот на обезбедување на наплата на побарувањата по основ на партиципација согласно законската или подзаконската регулатива или согласно договорите кои ги склучуваат со корисниците на услугите/студентите.



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ___________________________

7. Формирање на комисија за утврдување и донесување на цена за сместување и исхрана со цел поголема функционалност на студентските домови како и подобрување на услугите за сместување во студентските домови.
8. Во соработка со студентските домови да се преземат мерки за пропишување и дефинирање на трошоците за културно забавен живот, административни и општа штета согласно законската и подзаконската регулатива како и нивно унифицирање во студентски домови со цел користењето на овие средства за подобрување на услугите за сместување во студентските домови во РМ.
9. Во соработка со министерството за труд и социјална политика и студентските домови да се преземат мерки и активности за решавање на проблемот со раселените лица кои се сместени во ДСД "Скопје" и "Пелагонија".
10. Потребно е МОН во соработка со студентски домови да преземат мерки и активности за унифицирање на целокупната подзаконска регулатива, која е основна за функционирањето на студентски домови во Република Македонија.
11. МОН, во соработка со државните студентски домови, да ја разгледаат можноста за воспоставувањето на софтвер за евиденција на студентите кои се сместени во домовите, со цел добивање на целосни, точни и навремени податоци за секој студент поединечно.
12. По завршувањето на проектите за изградба, реконструкција, санација, МОН да ја достави целокупната документација до државниот студентски дом за кој е извршена градбата, со цел нивно евидентирање во сметководствената евиденција.

**Одговорните лица на Државните студентски домови да ги преземат следните мерки и активности:**

13. Целосно запишување на правото на сопственост и корисничко право на градежните објекти (зградите, посебните делови од згради и посебните објекти во кои функционираат студентските домови) во имотни листови, со цел дефинирањето на просторните капацитети со кои располагаат државните студентски домови.
14. Да се преземат мерки и активности за изработка и донесување на пишани Процедури со кои ќе се дефинираат постапки за сместување и прием за студентите кои се сместуваат во студентските домови во РМ.
15. Да започнат активности за измени во Статутите со цел нивно усогласување со Законот за студентски стандард и Законот за јавни службеници, како и донесување на подзаконските акти, за подобрување на функционирањето и управувањето на државните студентски домови.

16. Издавањето на просторните капацитети да го вршат со одлука за утврдување на времено престанување на потребата за нивно користење, со договор за уредување на правата и обврските на закупецот и закуподавецот за инвестирање, со добиена согласност од МОН, како и со реална процена за цената за издавање на простор по метар квадратен, во согласност со одредбите за издавање под закуп утврдени во Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.
17. По добивањето на документацијата од МОН за извршените градежни активности, студентските домови да извршат евидентирање со цел да се изврши зголемување на вредноста на објектите за кои е извршена изградбата. Исто така потребно е евидентирање на целокупната документација за проекти кои се спроведени во студентските домови во претходниот период .



**Ревизорска екипа** **Овластен државен ревизор**

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ____________________________